ФЗОРСМ
FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Бр. 04-22535/2
20-12-2023 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со објавениот Интерен оглас бр. 01/2023, објавен на 01.12.2023 година, на веб страната на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, за унапредување на 15 (петнаесет) административни службеници, Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на 20.12.2023 година донесе:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 01/2023

1. За извршител на работното место под реден бр. 12. од огласот **Контролор на придонес, со звање Контролор во подрачна служба, со шифра на работно место В02001, во ПС ВИНИЦА**, во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, **се избира кандидатот Ацо Митев.**

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг-листа на интервјуирани нераководни административни службеници и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2023 составен дел на Записникот од извршената селекција за унапредување на нераководен административен службеник заради спроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2023 со бр. 04-21696/7 од 18.12.2023 година.

3. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, со што ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник и Решение за утврдување на плата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на неговото донесување.

### *Образложение*

Врз основа на добиено Известување бр. 18-12896/2 од 16.11.2023 година од страна на Министерството за финансии на РСМ за одобрени финансиски средства а со Наш бр. 04-21080/2 од 16.11.2023 година, Директорот на ФЗОРСМ упати Барање бр. 04-21696/1 од 24.11.2023 година до Сектор за управување со човечки ресурси за отпочнување на постапка за унапредување на 15 (петнаесет) административни службеници во ФЗОРСМ. Одделението за управување со човечки ресурси на 01.12.2023 година, објави Интерен оглас бр. 01/2023, на веб страната на ФЗОРСМ и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, за унапредување на 15 (петнаесет) административни службеници во ФЗОРСМ. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Директорот на ФЗОРСМ со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување бр. 04-21696/4 од 11.12.2023 година, спроведе административна селекција и потоа се одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува во целост условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во ФЗОРСМ.

Врз основа на освоените бодови од првата фаза административна селекција и освоените бодови од втората фаза интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување, за првата фаза состави Записник од административна селекција по Интерен оглас бр. 01/2023 со бр. 04-21696/5 од 13.12.2023 година и за втората фаза состави Записник од извршената селекција за унапредување на нераководен административен службеник заради спроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2023 со бр. 04-21696/7 од 18.12.2023 година и Финална ранг-листа на интервјуирани


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. "Македонија", бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. "Maqedonia", nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk
[1] 04-22535/2 [2023]

нераководни административни службеници и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2023, како негов составен дел.

Врз основа на Финалната ранг-листа на интервјуирани нераководни административни службеници и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2023 составен дел на Записникот од извршената селекција за унапредување на нераководен административен службеник заради спроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2023 со бр. 04-21696/7 од 18.12.2023 година, и согласно горенаведеното, Директорот на ФЗОРСМ донесе одлука да се изврши избор на кандидатот како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрција, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на оваа одлука на веб страната на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**ДИРЕКТОР**
**М-р Магдалена Филиповска-Грашкоска**

**В.Д. ДИРЕКТОР/U.D. DREJTORI**
**Dr. Asaf Abduramani**

Изготвил: Kushtrim Halili с.р.
Контролирал: Сузана Делева
Одобрил: Fatime Idrizi

Доставено до:

- Архива на ФЗОРСМ;
- Кандидатот;
- Сектор за управување со човечки ресурси на ФЗОРСМ.


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. "Македонија", бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. "Maqedonia", nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk